**20101473031**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28.09.2010 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2000, 4/2001, 56/2001, 71/2001, 41/2003, 47/2003, 73/2005, 3/2006, 137/2006, 62/2007, 86/2007, 115/2007, 132/2007, 56/2008, 132/2008, 88/2009 и 16/2010), во Списокот на ортопедски помагала кој е составен дел на овој правилник, за ортопедските слушни помагала во делот на батерии и приклучок кои се наведени под реден број 185Б И 185В, во колоната за забелешка се додаваат зборовите: „освен за деца“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-13703/3
28 септември 2010 година
Скопје

Управен одбор
заменик на претседателот,
**Ирфан Хоџа**, с.р.

## СПИСОК НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

| Ред. | | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | | потрошен материјал | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | Референтни цени |
| **В** | | **СЛУШНИ ПОМАГАЛА** | | | | | | | | | | | |
| 185Б | | Батерии | Член 40 | Избран лекар | 1 | 1 | 1 | 1 | 10% | освен за деца | | | 60,00 |
| 185В | | Приклучок | Член 40 | Избран лекар | 1 | 1 | 1 | 1 | 10% | освен за деца | | | 4.000,00 |